МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
http://www.makpediatrics2003.com.mk

МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО • ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕДИЈАТРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION • PEDIATRIC SOCIETY OF MACEDONIA

# III КОНГРЕС CONGRESS

## НА ПЕДИЈАТРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧЕСТВО

## OF MACEDONIAN PEDIATRIC ASSOCIATION WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

...ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВО
...FOR HAPPIER CHILDHOOD

**09-13 септември 2003, Охрид, Република Македонија**
**September. 09-13 2003, Ohrid, Republic of Macedonia**



ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ И ТРУДОВИ
PROCEEDINGS AND ABSTRACTS

ISBN 9989-37-007-9

# ПОТТЕМА **ПСИХОЛОШКИ И РАЗВОЈНИ АСПЕКТИ** – УСНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

# SUBTITLE **MENTAL AND DEVELOPMENT ASPECTS** – ORAL PRESENTATION

## S/089
## БИОФИДЕБЕК - ПРИНЦИПИ И АПЛИКАЦИЈА ВО ПЕДИЈАТРИЈАТА

*А. Демирџиева, Н Поп - Јорданова, Т. Зорчец, С. Марковска*
Клиника за детски болести, Скопје, Р. Македонија

ЦЕЛ: Приказ на резултатите од неинвазивен и нефармаколошки пристап во третманот на деца со психосоматски нарушувања преку користење на електродермален биофидбек. Обработени се вкупно 209 испитаници групирани во 5 групи (29 со анорексија, 76 со обезитет, 30 со главоболки, 41 со тикови и 35 со анксиозно-фобичен синдром). Кај секој од испитаниците прво со клинички педијатриски преглед и со параклинички испитувања се исклучи постоење на органска болест. Во понатамошната постапка децата беа психолошки проценети од клинички психолог преку интервју и психометриски тестови. Потоа кај секое од децата се спроведе биофидбек третман преку користење на систем за релаксација адаптиран Inner Tuner Expert, што овозможи проценка на психофизиолошката динамика на нашите испитаници во реално време. Базичната вежба во текот на третманот е графички приказ на нивото на стрес односно релаксација без анимација или звучни ефекти. Софтверот има можност за нумеричко мерење на нивото на електродермалниот отпор, а со тоа и за статистичка обработка на добиените податоци. Нивото на стрес е во обратнопропорционална зависност со електродермалниот отпор. Во статистичката обработка е користен Студентовиот t-тест. Добиените резултати за сите 5 групи се со ниво на значајност $p<0{,}01$. ЗАКЛУЧОК: ЕДР- биофидбекот е одличен избор на нефармаколошки третман на нарушувањата поврзани со стресот. Апликацијата е едноставна, со висок костбенефит, без потреба од хоспитализација на болното дете.

## S/088
## БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ И СЕКВЕЛИТЕ ОД НИВ – КАКО ДА ГИ СОВЛАДАМЕ ВО КУМАНОВО – БАРАЊЕ ПОДДРШКА ОД УЧЕСНИЦИТЕ НА КОНГРЕСОТ

*С. Николовска, членови на Здружението на приватни доктори „Медикус“*
Здружение на приватни доктори на град Куманово „Медикус“, Р. Македонија

ЦЕЛ: Откривање на нивото на информираност за болестите на зависност кај адолесцентите во Куманово и барање помош за совладување на ова растечко зло. МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД: Анкета на 614 адолесценти – 273 од средните училишта, 341 од основните училишта во сите градски подрачја која е објавена во гласилото на Лекарската комора на Македонија на 36 октомври 2002 год. РЕЗУЛТАТИ: 5% од испитаниците се изјасниле дека пробале марихуана. 56.80% знаат дека марихуаната е вовед во наркоманијата но 83,20% од нив не знаат како мириса марихуаната и можат да бидат лесно навлечени во светот на дрогата. Љубопитноста е причина за пробување на дрогата кај 47,70%, а кај другите тоа е потребата да бидат отпуштени и безгрижни или да ги зголемат своите психички и физички потенцијали. Радува податокот дека истиот процент на испитаници е свесен за последиците по здравјето и губењето на семејните врски. По однос на прашањето од кого би побарале помош, на прво место е семејството со 59,80%, на второ се матичните лекари, а на трето педагошкопсихолошките служби во училиштата. ЗАКЛУЧОК: Согледувајќи го растечкото насилно однесување на адолесцентите во Куманово, кое е последица на фрустрација, злоупотреба на алкохол, дрога, како и манипулација на политичките партии. Здружението изготви проект за превентивна акција против болестите на зависност и изградба на здрава и психолошки стабилна личност на адолесцентот за што бараме поддршка од учесниците на Конгресов.